**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**

Државната изборна комисија, во функција на организирање и спроведување на референдум на државно ниво, распишан со Одлука, бр. 08–4666/1 од 30.07.2018 година на Претседателот на Собранието на Република Македонија, објавена во „Службен весник на Република Македонија", број 140 од 30.07.2018 година, а имајќи ја предвид неусогласеноста на Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр. 81/05) (во понатамошниот текст: Закон за референдум) со Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18) (во понатамошниот текст: Изборен законик), согласно членот 32 став 1 алинеите 1 и 3 од Законот за референдум, во врска со член 45 став 1 од истиот Закон и членот 192 од Изборниот законик, постапувајќи согласно член 31 став 1 и став 2 точките 2 и 44 од Изборниот законик, а со цел да се овозможи непречена подготовка, организирање и спроведување на референдумот на државно ниво, кој ќе се одржи на 30 септември 2018 година, раководејќи се од обврската за законитост во подготовката и спроведувањето на референдумот на државно ниво, на седницата одржана на 01.08.2018 година донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПОДГОТОВКА, ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ РЕФЕРЕНДУМ НА ДРЖАВНО НИВО 30 СЕПТЕМЕВРИ 2018 ГОДИНА

## ВОВЕД

Со овој правилник се уредува начинот, постапките и роковите за преземање на дејствијата при организирањето и спроведувањето на Референдумот на државно ниво, кој ќе се одржи на 30 септември 2018 година (во понатамошниот текст: Референдум).

Целта на овој правилник е во услови на неусогласеност на Законот за референдум и Изборниот законик, да се обезбеди преземање и спроведување на потребните дејствија, предвидени во Изборниот законик, во рамките на рокот предвиден во член 22 став 2 од Законот за референдум.

## ОДРЖУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Претседателот на Собранието на Република Македонија, со Одлука за распишување на референдумот, бр. 08-4666/1 од 30.07.2018 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 140 од 30.07.2018 година, распиша референдум на државно ниво и со нејзе го определи денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на дејствијата и денот на одржувањето на референдумот.

Референдумот ќе се одржи на 30 септември (недела) 2018 година.

Одлуката за распишување на референдумот се доставува до Државната изборна комисија (во понатамошниот текст: ДИК).

## РОКОВИ

Референдумот ќе се спроведе согласно со одредбите од Законот за референдум и други облици

на непосредно изјаснување на граѓаните и одредбите од Изборниот законик за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Имајќи предвид дека од денот на распишувањето на Референдумот до денот на гласањето е предвидено да поминат 60 дена, сите рокови за преземање на референдумските дејствија се скратуваат за пет дена, освен рокот утврден за спроведување на јавната пропаганда.

Роковите за спроведување на референдумските дејствија, со роковникот ги утврдува ДИК.

**ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ НА ДРЖАВНО НИВО**

Референдумот на државно ниво ќе го спроведат:

- Државната изборна комисија – ДИК, избрана со Одлука на Собранието на Република Македонија, бр. 08-4540/1 од 25.07.2018 година.
- Општинските изборни комисии - ОИК, именувани со Одлуки на ДИК, бр. 08-1304/1, 08-1304/3, 08-1304/5, 08-2788/5, 08-2788/7, 08-2788/9, 08-2788/11, 08-2788/13, сите од 2016 година и 08-08-1608/1, 08-1603/3, 08-1608/5, 08-1608/9, 08-1608/11, 08-1608/13, 08-1608/15 и 08-1608/17 сите од 2017 година.
    - ДИК, веднаш а најдоцна во рокот од член 35 став 1 од Изборниот законик, ги дополнува ОИК со нови претседатели, членови и нивни заменици на место на претседателите, членовите и замениците на кои по разни основи им престанал мандатот во ОИК. Дополнувањето се врши по случаен избор, од редот на вработените во државната, општинската администрација и администрацијата на град Скопје, кои имаат живеалиште на територијата на општината. Податоците за вработените во државната, општинската администрација и администрацијата на град Скопје, ДИК ги добива од Министерството за информатичко општество и администрација (во понатамошниот текст: МИОА).
- Избирачки одбори, кои ќе го спроведат гласањето на гласачките места во Република Македонија а кои се именувани со Решение од надлежната ОИК (во понатамошниот текст: ИО) во 2017 година и чиј мандат трае 4 години:
    - Гласањето на избирачките места во Република Македонија ќе го спроведат ИО во состав од претседател, два члена и нивни заменици.
    - Од постојниот состав на ИО, чиј што мандат согласно Изборниот законик се уште трае, ОИК ќе ги изземе членовите и нивните заменици кои се предложени од редот на политичките партии, согласно член 38 ставовите 6 и 7 од Изборниот законик.
    - ОИК, најдоцна во рок од 20 дена пред денот предвиден за одржување на референдумот на државно ниво, ги дополнува ИО со нови претседатели, членови и нивни заменици на место на претседателите, членовите и замениците на кои по разни основи им престанал мандатот во ИО.
    - Дополнувањето се врши по случаен избор, од редот на вработените во државната, општинската администрација, администрацијата на град Скопје и јавната администрација кои имаат живеалиште на територијата на општината.
    - Податоците за вработените во државната, општинската администрација, администрацијата на град Скопје и јавната администрација, ДИК ги доставува до ОИК веднаш по нивното добивање од МИОА.
- Избирачки одбори, кои ќе го спроведат гласањето во дипломатско – конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, а кои ќе се именуваат со решение на ДИК (во понатамошниот текст: ИО во ДКП).
    - На референдумот, гласање во ДКП на РМ во странство ќе се организира само во оние ДКП за кои се исполнети условите од член 165 став 3 од Изборниот законик. Доколку во соодветното ДКП се пријават повеќе од 1000 гласачи, ДИК со решение ќе избере дополнителни ИО за тоа ДКП.
    - ИО во ДКП е во состав од претседател, два члена и нивни заменици:

на вработените во државната, општинската администрација, администрацијата на град Скопје и јавната администрација.
  - ДИК, во рокот определен во член 39 од Изборниот законик а најдоцна во рок од 20 дена пред денот предвиден за одржување на референдумот на државно ниво, ги избира ИО во ДКП.
- Избирачки одбор, кој ќе го спроведе гласањето во ДИК за членовите на ИО во ДКП.
  - На референдумот, членовите на ИО во ДКП гласаат три дена пред денот определен за гласање на референдумот.
  - ИО во ДИК е во состав од претседател, два члена и нивни заменици:
    - Претседателот на ИО во ДИК и неговиот заменик се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на град Скопје, со високо образование. Двата члена и нивни заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје со најмалку средно образование.
    - Изборот на претседателот, членовите и нивните заменици на ИО во ДИК го врши ДИК, по случаен избор, од редот на вработените во државната, општинската администрација, администрацијата на град Скопје и јавната администрација. Податоците за вработените во државната, општинската администрација, администрацијата на град Скопје и јавната администрација, ДИК ги добива од МИОА.
  - ДИК, во рокот определен во член 39 од Изборниот законик а најдоцна во рок од 20 дена пред денот предвиден за одржување на референдумот на државно ниво, ги избира ИО во ДИК.

## НАДЛЕЖНОСТ НА ОРГАНИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ НА ДРЖАВНО НИВО И НАЧИН НА РАБОТА

### ИЗБОРНА КОМИСИЈА - ДИК:

При подготовката, организирањето и спроведувањето на референдум на државно ниво, ДИК ги извршува работите наведени во член 32 став 1 од Законот за референдум и работите наведени во член 31 од Изборниот законик.

### ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА - ОИК:

При подготовката, организирањето и спроведувањето на референдум на државно ниво, ОИК ги извршува работите наведени во член 33 од Законот за референдум и работите наведени во член 37 ставовите 1 и 2 од Изборниот законик.

### ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР:

При подготовката, организирањето и спроведувањето на референдум на државно ниво, ИО, ИО во ДКП и ИО во ДИК ги извршуваат работите наведени во член 35 од Законот за референдум и работите наведени во член 40 од Изборниот законик.

## НАЧИН НА РАБОТА НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

Работата на изборните органи е јавна и право да присуствуваат на работата на изборните органи имаат овластените претставници на предлагачот и акредитираните набљудувачи.

Изборните органи можат да работат и да одлучуваат ако на седниците присуствуваат мнозинство од членовите, а одлуките ги донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови, освен ако не е поинаку предвидено со Закон.

Во случај на отсуство на член на ОИК или на член на ИО, во работата на седниците учествуваат нивните заменици.

Изборните органи донесуваат одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. При одлучувањето членовите на изборните органи ќе се изјаснат со „за" или „против". Не е дозволено изјаснување со „воздржан" и во случај на такво изјаснување, таквиот глас ќе се смета како изјаснување „против".

Одлука на изборниот орган се смета за донесена доколку за истата гласале мнозинството од вкупниот број на членови на изборниот орган.

При спроведувањето на референдумот, во работата на ОИК и ИО, во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во службена употреба е и јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина.

## ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

Собранието, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за статистика и Службата за општи и заеднички работи на Владата и нивните подрачни единици како и општините и градот Скопје, се должни на органите за спроведување на референдумот да им обезбедат технички, просторни и други услови за работа. За вршење на овие работи, на органите им се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Македонија.

## ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЕДУКАЦИЈА НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

ДИК донесува програма и востановува стандарди за задолжителна едукација на сите изборни органи и ја координира истата.

ДИК врши задолжителна едукација на членовите на ОИК и им издава уверенија на начин и во рокови пропишани со програмата.

ДИК врши задолжителна едукација на членовите на ИО во ДКП и им издава уверенија за завршена обука на начин и во рокови пропишани со програмата.

ОИК ја организира и спроведува едукацијата на членовите на ИО според планот и програмата на ДИК и им издава уверенија за завршена обука. ДИК ја координира едукацијата на ИО и врши надзор над истата.

## ИЗБИРАЧКО ПРАВО, ИЗБИРАЧКИ СПИСОК, ЈАВЕН ПОВИК И ПРИЈАВА ЗА ГЛАСАЊЕ

## ИЗБИРАЧКО ПРАВО

Право да гласа на референдум на државно ниво има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот, има деловна способност, има пријавено постојано живеалиште на територијата на Република Македонија и е запишан во Избирачкиот список.

Државјаните на Република Македонија кои на денот на гласањето се на привремена работа или престој во странство, а се запишани во Избирачкиот список врз основа на евиденцијата од надлежниот орган и пријава за гласање, гласаат во дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, односно конзуларни канцеларии во согласност со одредбите на Изборниот законик.

## ИЗБИРАЧКИ СПИСОК

Избирачкиот список е јавна исправа во која се запишани граѓаните со избирачко право.

Во Избирачкиот список не се запишуваат граѓаните на кои со правосилна судска одлука им е одземена деловната способност.

Во Избирачкиот список, граѓаните се запишуваат според општината на чие подрачје имаат живеалиште.

Од Избирачкиот список се изготвуваат изводи за секое избирачко место. Содржината на Избирачкиот список, односно изводите на денот на гласањето не можат да се менуваат до завршувањето на референдумот.

Отпечатените изводи од Избирачкиот список и посебните изводи од Избирачкиот список, се водат по азбучен ред на презимето на граѓанинот и ги содржат следниве рубрики, односно податоци: реден број, презиме, име, пол, датум на раѓање, лична фотографија (во формат како на лична карта или патна исправа) и адреса на живеење (населено место, улица, куќен број, влез и стан), потпис или отпечаток за избирачот,

Граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а доставиле пријава за гласање во ДКП односно конзуларните канцеларии, не се запишуваат во изводите од Избирачкиот список на кои се гласа во Република Македонија. Граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а кои не доставиле пријава за гласање во ДКП односно конзуларните канцеларии се запишуваат во посебни изводи на Избирачкиот список за гласање во Република Македонија.

За спроведување на гласањето во ДКП, во казнено – поправните установи и во ДИК се изготвуваат посебни изводи од Избирачкиот список, и тоа:

- за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а врз основа на пријава за гласање,
- за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат во притвор или издржување казна затвор;
- за гласање на членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП односно конзуларните канцеларии.

Посебните изводи од Избирачкиот список од членот 46 на Изборниот законик се изготвуваат во два примерока, и тоа:

- За граѓаните кои за време на референдумот се наоѓаат на привремена работа или престој во странство едниот примерок е систематизиран според избирачкото место и изборната единица и во забелешка стои земјата во која граѓанинот е на привремена работа или престој во странство и местото на ДКП односно конзуларните канцеларии, а вториот примерок е систематизиран според земјата во која граѓаните се на привремена работа или престој во странство, местото на ДКП односно конзуларните канцеларии и во забелешка стои бројот на избирачкото место и изборната единица.
- За граѓаните кои за време на референдумот се наоѓаат во притвор или на издржување казна затвор, едниот примерок е систематизиран според избирачкото место или општината и во забелешката стои општината во која се наоѓа казнено–поправната установа, а вториот примерок е систематизиран според казнено–поправната установа и општината каде што се наоѓа и во забелешката стои бројот

на избирачкото место и општината на која припаѓа тоа избирачко место.

- За членовите на ИО во ДКП едниот примерок е систематизиран според избирачко место, општината и изборната единица и во забелешка стои ДИК, а вториот примерок е систематизиран според ДИК, а во забелешка стои избирачкото место, општината и изборната единица.

**ЈАВЕН УВИД**

За референдумот на државно ниво, ДИК ќе го стави Избирачкиот список на јавен увид во своите подрачни одделенија и месни канцеларии како и на ВЕБ страната на ДИК. ДИК преку МНР ги доставува до ДКП посебните изводи од Избирачкиот список за лицата на привремена работа или престој во странство врз основа на евиденцијата од надлежен орган, за ставање на јавен увид.

Јавниот увид започнува десетиот ден сметано од денот на распишувањето на референдумот.

Јавниот увид трае 15 дена.

На јавен увид се става Избирачкиот список со состојба на податоци за:

- граѓаните со наполнети 18 години живот на денот на референдумот (денот на гласање),
- умрените лица 30 дена пред денот на распишувањето на референдумот и
- другите податоци од Избирачкиот список на денот на распишувањето на референдумот.

Секој граѓанин може да поднесе барање за запишување, дополнување или бришење на податоците во изводите на Избирачкиот список ставени на јавен увид ако: тој или некој друг граѓанин не е запишан во Избирачкиот список, ако е запишано лице кое нема избирачко право или нема живеалиште на подрачјето на општината или лице кое е починато и ако личното име и адресата на лицето или личното име и адресата на друго лице се неправилно запишани. Барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците во изводите на Избирачкиот список ставени на јавен увид, се поднесува писмено до подрачното одделение на ДИК или месната канцеларија на подрачјето на живеење. Со барањето се приложуваат и потребните докази.

Барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците во посебните изводи од Избирачкиот список за време на јавниот увид, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство го поднесуваат по електронска пошта до ДИК.

ДИК, Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои произлегле од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, го заклучува најдоцна 15 дена по завршениот јавен увид. ДИК го потпишува заклучениот Избирачки список, односно изводите од Избирачкиот список на кои се гласа, најдоцна 10 дена пред денот на одржување на референдумот.

**ЈАВЕН ПОВИК И ПРИЈАВА ЗА ГЛАСАЊЕ**

ДИК, веднаш а најдоцна два дена од денот на распишување на референдумот, преку јавните гласила ги известува граѓаните за местото на кое се врши увидот, начините преку кои се врши увидот, времетраењето на увидот и можноста за запишување, дополнување или бришење на податоците од Избирачкиот список.

ДИК веднаш, а најдоцна два дена од денот на распишувањето на референдумот до МНР доставува известување за објавување на јавен повик за распишување на референдумот. МНР го објавува јавниот повик на својата веб страница веднаш а најдоцна во рок од 24 часа по приемот. МНР веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на добивањето на известувањето од ДИК, е должно да го достави до ДКП, односно конзуларните канцеларии заради објавување на нивната веб страница. ДКП, јавниот повик го објавува на својата ВЕБ страница во рок не подолг од 3 дена од денот на приемот.

Од денот на започнувањето на јавниот увид до завршувањето на јавниот увид, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, можат да достават пријава, своерачно потпишана или испратена по електронска пошта, со која се пријавуваат за гласање на референдумот. Пријавата, ДКП веднаш, а најдоцна во рок од два дена по завршувањето на јавниот увид ги доставува по електронска пошта до МНР, а МНР веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од денот на приемот на истите ги доставува до ДИК.

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНОТО ИЗБИРАЧКО ПРАВО**

ДИК по поднесеното барање за запишување, дополнување или бришење на податоците во изводите на Избирачкиот список ставени на јавен увид, одлучува со решение во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето, согласно Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список. Против решението на ДИК, може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 24 часа од приемот на решението. Врховниот суд е должен да одлучи во рок од 24 часа од денот на приемот на жалбата.

ДИК по барањата и пријавите на граѓаните кои се на привремена работа или престој во странство, со кои се пријавуваат за гласање на референдумот, е должен да одлучи со решение во рок од 48 часа од денот на приемот на барањето и ако утврди дека барањето е основано, согласно Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, со решение ќе изврши запишување, дополнување или бришење на податоците во Избирачкиот список и истото ќе му го достави по електронски пат на граѓанинот. Во спротивно, ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето и истото ќе му го достави по електронски пат на граѓанинот. Против решението со кое се одбива барањето, граѓанинот во рок од 24 часа од приемот на решението може да поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија по електронски пат. Граѓанинот, жалбата до Врховниот суд ја поднесува во рок од 24 часа од приемот на решението. По жалба, Врховниот суд решава во рок од 24 часа по приемот на жалба и одлуката веднаш му ја доставува на тужителот по електронски пат. Правосилното решение на Врховниот суд на Република Македонија, донесено по жалбата за запишување, промена и бришење е составен дел на потпишаниот Избирачки список од страна на ДИК.

Секој граѓанин на кого му е повредено лично избирачкото право, може да поднесе приговор до ДИК, во рок од 24 часа. ДИК е должна во рок од 4 часа по приемот на приговорот да донесе одлука. Против одлуката на ДИК може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија, во рок од 24 часа по приемот на решението.

Доставување на приговор и жалба по пошта не е дозволено.

**ОВЛАСТЕН ПРЕДЛАГАЧ И ЈАВНА ПРОПАГАНДА**

**ОВЛАСТЕН ПРЕДЛАГАЧ**

Предлогот за распишување референдум на државно ниво со образложение, овластениот предлагач го поднесува до претседателот на Собранието на Република Македонија.

Кога предлогот за распишување на референдум на државно ниво го доставуваат група пратеници, овластен предлагач на референдумот е Собранието на Република Македонија.

Овластениот предлагач доставува до претседателот на Собранието на Република Македонија предлог за распишување на референдум на државно ниво, кој задолжително содржи:

- назив на органот што се предлага да го распише референдумот;
- територијата или подрачјето за кое се предлага распишување на референдумот;
- називот на прописот, односно прашањето или прашањата за кои граѓаните ќе одлучуваат на референдумот;
- образложение на прописот, односно прашањето или прашањата за кои се предлага распишување на референдумот;
- референдумско прашање или прашања, односно еден или повеќе предлози на прописи за кои граѓаните ќе одлучуваат;
- денот на одржување на референдумот и
- видот на референдумот.

**ЈАВНА ПРОПАГАНДА**

За референдумот, овластениот предлагач може да води јавна пропаганда на свој трошок.

За јавна пропаганда се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на овластениот предлагач, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, медиумско и

интернет претставување и дистрибуирање на печатени материјали.

Јавната пропаганда за референдумот започнува од денот на распишување на референдумот на државно ниво.

Јавната пропаганда за референдумот мора да заврши најдоцна 48 часа пред денот на гласањето.

Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на референдумот да утврдат ценовници за платена пропаганда за референдумот и истите најмалку двапати јавно да ги објават ценовниците на своите програми, односно во своите изданија. Ценовниците не смеат да се менуваат во текот на референдумот.

Печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни ценовниците да ги достават до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) во рок од пет дена од денот на распишувањето на референдумот, а радиодифузерите да ги достават до АВМУ, ДИК, ДЗР и ДКСК во рок од пет дена од денот на распишувањето на референдумот.

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

Овластениот предлагач е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на завршување на јавната пропаганда да поднесе вкупен финансиски извештај за јавната кампања, со спецификација на трошоците за приходите и расходите и истиот да го објави на својата веб страница. Финансискиот извештај се поднесува до ДИК, ДЗР, ДКСК и Собранието на Република Македонија. Финансискиот извештај ДИК, ДЗР, ДКСК и Собранието на Република Македонија јавно го објавуваат на своите веб страни.

Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија се должни, најдоцна 15 дена по денот на завршување на јавната пропаганда да поднесат извештај за рекламниот простор искористен во јавната пропаганда и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа. Извештајот се поднесува до ДИК, ДЗР и до ДКСК, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

**ИЗБИРАЧКИ МЕСТА**

Референдумот на државно ниво се спроведува на избирачките места утврдени во членовите 175 став 1 и член 113-а став (2) од Изборниот законик.

За секое избирачко место се определува место (просторија во објектот) на кое се врши гласањето (гласачко место). Гласачкото место по правило не смее да биде оддалечено повеќе од 3 км од најоддалечената адреса во градските населби и повеќе од 5 км во селските населби. Ова правило не се применува за избирачките места во ДКП односно конзуларните канцеларии.

Бројот на избирачите кои гласаат на гласачкото место се определува на начин со кој се овозможува гласањето да се одвива непречено во времето определено за гласање.

Бројот на избирачи кои гласаат на гласачкото место неможе да биде поголем од 1.000 избирачи.

Гласачко место не може да се определи:

- за населено место во во Република Македонија во кое живеат помалку од десет избирачи и
- за ДКП односно конзуларните канцеларии каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање.

Промена на описот на избирачкото место се врши при промена на имињата за улиците, односно куќните броеви и доколку се зголемува бројот на избирачите или просторната оддалеченост за определено избирачко место. ДИК донесува решение со кое ја утврдува промената на описот на избирачкото место. Промена на описите на избирачките места може да се врши најдоцна 30 дена пред денот определен за изборите.

потврдено повеќе од 10 гласачи.
ДИК определува дополнителни ИО во ДКП ако во некое ДКП има потврдено над 1000 гласачи.

ДИК најдоцна 30 дена пред денот определен за референдумот ќе ги објави описите на избирачките места утврдени со Изборниот законик.

ОИК најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на референдумот ќе ги објави на видно место описите на избирачките места кои се определени за гласање со назначување од кое подрачје избирачите ќе гласаат на одделно избирачко место. Објавувањето на описите на избирачките места може да се врши и преку локалните средства за јавно информирање.

## ОВЛАСТЕН ПРЕТСТАВНИК НА ПРЕДЛАГАЧОТ

Овластениот предлагач има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата во изборните органи (ДИК, ОИК и ИО) од распишувањето на референдумот на државно ниво се до утврдувањето и објавувањето на резултатите.

Овластениот предлагач на претставникот му издава овластување и за тоа ги известува изборните органи најдоцна два дена пред денот на референдумот.

Претставникот и неговиот заменик се должни да носат беџ, издаден од соодветната ОИК, со бројот на избирачкото место за кое се овластени да вршат набљудување.

За претставник и негов заменик пред изборните органи, не може да биде определено лице кое е именувано за член на изборен орган.

Овластениот претставник, на седницата на изборните органи, може да предупреди за неправилности во нивната работа, а доколку не биде прифатено предупредувањето, може да побара тоа да биде внесено во записникот.

Претседателот на ИО е должен на присутниот овластен претставник, ако има забелешки, да му се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на гласачкото право. Ако забелешките не се евидентирани во записникот, тие имаат право да ги достават до ОИК во рок од 5 часа од составувањето на записникот и тие забелешки можат да бидат основа за приговор.

Овластениот претставник има право на седница на изборен орган да побара и да изврши целосен увид во целокупната документација на изборниот орган.

## НАБЉУДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Референдумот и постапка за негово спроведување, можат да го набљудуваат:

- домашни здруженија и странски организации, кои се регистрирани согласно закон, најмалку една година пред денот на одржувањето на референдумот, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човековите права,
- меѓународни организации и
- претставници на странски земји .

ДИК ја утврдува процедурата за набљудување на референдумот. Домашните здруженија, странски организации, мегународните организации и претставниците на странските земји (организациите и лицата од член 161 од Изборниот законик) доставуваат барање за набљудување до ДИК од денот на распишувањето на референдумот а најдоцна пет дена пред денот на гласањето.

ДИК им издава овластувања на набљудувачите најдоцна три дена по приемот на барањето.

## ГЛАСАЧКИ МАТЕРИЈАЛ

Гласачкиот материјал за спроведување на референдумот се состои од:

- кутии за гласање и паравани,
- обрасци на записници и дневник за работа на ИО,
- блок со гласачки ливчиња според изводот од Избирачкиот список,

- потпишан извод од Избирачкиот список,
- средства за обележување на лицата кои гласале (спреј и УВ ламба)
- графитно перниче,
- печати со број на гласачкото место,
- упатство за гласање,
- шаблони со Браева азбука и
- друг материјал потребен за гласање.

На гласачкото место се истакнува:

- одлуката за распишување на референдумот,
- називот на прописот за кој се одлучува на референдумот, односно називот на прашањето или прашањата за кои граѓаните ќе одлучуваат на референдумот и
- упатството за гласање.

Одлуката за распишување на референдумот, називот на прописот за кој се одлучува на референдумот односно називот на прашањето или прашањата за кои граѓаните ќе одлучуваат на референдумот и Упатството за гласање се истакнуваат на видни места на гласачките места во согласност со насоките издадени од ДИК и ОИК. Упатството за гласање се истакнува и на видно место на гласачкиот параван.

На гласачкото место не смее да бидат истакнати материјали кои Овластениот предлагач ги подготвил и користел за потребите на јавната пропаганда.

Називот на прописот за кој се одлучува на референдумот односно називот на прашањето или прашањата за кои граѓаните ќе одлучуваат на референдумот и Упатството за гласање се печатат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазиците и писмата на заедниците наведени во Преамбулата на Уставот на Република Македонија.

Обрасците и целокупниот гласачки материјал, за општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се печатат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина. Обрасците и целокупниот гласачки материјал за гласање во ДКП, во кои најмалку 20% од запишаните гласачи во избирачкиот список зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се печатат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од запишаните гласачи во избирачкиот список за гласање во ДКП.

**ПРЕДАВАЊЕ НА ГЛАСАЧКИОТ МАТЕРИЈАЛ**

ДИК гласачкиот материјал го предава на ОИК најдоцна во рок од 72 часа пред денот определен за одржување на референдумот.

ДИК гласачкиот материјал за гласање во ДКП го предава на овластено лице во МНР најдоцна пет дена пред денот на одржување на изборите. МНР гласачкиот материјал на ДКП го доставува веднаш а најдоцна во рок од 24 часа по приемот.

За предавањето на гласачкиот материјал материјал се составува записник во кој треба посебно да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња со сериските броеви и потребниот број на одлуки за распишување на референдумот, називот на прописот за кој се одлучува на референдумот односно називот на прашањето или прашањата за кои граѓаните ќе одлучуваат на референдумот и Упатството за гласање што се истакнуваат во просториите за гласање.

ОИК е должна еден ден пред денот определен за одржување на референдумот да го предаде гласачкиот материјал на ИО на територијата на Република Македонија. За предавањето на гласачкиот материјал од ОИК на ИО се составува записник во кој треба да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња со сериските броеви и друг материјал потребен за гласање.

Записникот го потпишуваат овластеното лице од ДИК кој го предава материјалот, претседателот и членовите на ОИК кои го примаат односно предаваат материјалот, овластеното лице во МНР кој го прима односно предава материјалот и претседателот и членовите на ИО одбор кои го примаат односно предаваат материјалот.

- упатство за начинот на гласањето

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде прецизно формулирано и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со „ЗА" или „ПРОТИВ".

Делот од гласачкото ливче што останува на кочанот на блокот го содржи серискиот број на гласачкото ливче, општината односно седиштето на ДКП односно конзуларните канцеларии и бројот на гласачкото место.

Во називот на гласачкото ливче е содржано знамето на Република Македонија.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАСАЊЕТО

Гласањето започнува во 07:00 часот и трае непрекинато до 19:00 часот. Во 19:00 часот гласачкото место се затвора, а на граѓаните кои гласаат и кои се затекнале во објектот каде што се гласа, им се овозможува да гласаат. Гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список, може да се затвори и пред истекот на рокот предвиден за траење на гласањето. ИО не почнува со броење на гласовите пред 19:00 часот.

## ГЛАСАЊЕ

Гласањето се врши лично на гласачките места во Република Македонија и во ДКП односно конзуларните канцеларии. Гласање за друго лице е забрането, освен во случаите предвидени во членот 111 од Изборниот законик.

## УТВРДУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ НА ГЛАСАЧОТ

Гласачите пристапуваат да гласаат еден по еден. Кога гласачот пристапува да гласа, ИО проверува дали избирачот е на соодветното гласачко место и со ултравиолетова ламба проверува, дали има небришлив белег на нокотот и палецот на десната рака. ИО го проверува личниот идентитет на гласачот преку проверка на податоците од приложената лична карта или патна исправа и ја споредува физиономијата на гласачот со фотографијата од документот за идентификација и со фотографијата во изводот од Избирачкиот список. По утврдувањето на идентитетот на гласачот, го заокружува неговиот реден број во изводот од Избирачкиот список и избирачот го става својот потпис, а ако е неписмен става отпечаток од десниот показалец. Ако избирачот нема десен показалец, тој ќе стави отпечаток од неговиот лев показалец, а доколку нема ни лев показалец, не се става отпечаток.

По идентификацијата, избирачот добива гласачко ливче и му се обележува со спреј палецот на десната рака, односно палецот на левата рака, доколку нема палец на десната, притоа внимавајќи со спрејот да се опфати и нокотот на палецот. Ако избирачот нема палец на двете раце, нема да се врши обележување.

или „ПРОТИВ" и гласачкото ливче преклопено го става во гласачката кутија.

## ГЛАСАЊЕ НА НЕМОЌНО ИЛИ БОЛНО ЛИЦЕ

Граѓанинот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице) а сака да гласа, за тоа ќе ја извести ОИК најдоцна седум дена пред денот определен за гласање. Известувањето може да се даде и преку полномошник.

Под немоќно или болно лице се подразбира лицето кое не е во можност да ги врши основните животни потреби (не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби), односно лицето е неподвижно, потполно слепо, заболено од дистрофија или сродни мускулни или нервно мускуларни заболувања, церебрална или детска парализа или параплегија. Известувањето дека лицето сака да гласа, се доставува до ОИК. Во прилог на известувањето се доставува и медицински доказ или решение за користење на туѓа нега од трето лице. Гласачот, кој е болно или немоќно лице, може да гласа и во домот на блиско лице на адреса различна од адресата на живеење во документот за лична идентификација, под услов таа адреса да се наоѓа на територијата на истата општина. Во тој случај, во известувањето доставено до ОИК треба да се наведе и адресата каде се наоѓа гласачот. Гласањето ќе го спроведе ИО каде лицето е запишано во изводот од избирачкиот список за соодветното избирачко место. ОИК врши проверка во Избирачкиот список на сите уредно пријавени болни и немоќни лица. По извршената проверка, ОИК составува список на сите уредно пријавени немоќни или болни лица кои се наоѓаат во избирачкиот список. Пред започнување на гласањето на болните и немоќни лица, ИО од кочанот откинува онолку гласачки ливчиња колку што има евидентирано болни и немоќни лица за соодветното избирачко место, а кочанот не смее да го носи со себе на гласањето. При спроведувањето на гласањето на болните и немоќни лица, ИО ја користи гласачката кутија која му е предадена од ОИК за ова гласање и истата ќе ја користи и на денот на гласањето.

ИО со себе го носи и изводот од Избирачкиот список на кое болното и немоќното лице се потпишува.

Капакот на гласачката кутија за гласањето на болните и немоќни лица, мора да биде запечатен со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни, пред да започне гласањето. Гласачкото ливче, болното и немоќно лице по завршеното гласање го превиткува. го става во посебен плик, го залепува и така залепен го пушта во гласачката кутија. По завршеното гласање, пликовите со гласачките ливчиња остануваат во гласачката кутија а отворот на капакот од гласачката кутија се запечатува со нумерирана сигурносна пластична лента.

Изводот од избирачкиот список се става во проѕирна пластична кеса заедно со кочанот од гласачките ливчиња, кесата се запечатува со нумерирана сигурносна лента. За денот и часот на гласањето на немоќните или болните лица, претседателот на ОИК ги известува претставниците на предлагачот на референдумот.

Доколку по завршувањето на гласањето на болните и немоќни лица останат неупотребени гласачки ливчиња, истите не смеат да се користат за гласање на денот на гласањето, на нив им се откинува десниот долен агол и се чуваат во посебен плик. При сумирањето на резултатите, неупотребените ливчиња се евидентираат заедно со останатите неупотребени ливчиња од гласањето.

На денот на референдумот, пред почетокот на гласањето, гласачката кутија се отвора, се вадат пликовите и поединечно се отвораат, гласачките ливчиња се ставаат во испразнетата гласачката кутија

без да се види за кого е гласано. На крајот, гласачка кутија се запечатува со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни на капакот.

**ГЛАСАЊЕ НА ГЛАСАЧ КОЈ НЕ МОЖЕ ДА ГЛАСА САМ**

Гласачот кој има физички недостаток или е неписмен и поради тоа не може да гласа на начин утврден со Изборниот законик, има право со себе да доведе лице кое ќе му помогне при гласањето. Ако гласачот не доведе со себе лице кое ќе му помогне при гласањето, тогаш ИО ќе определи друго лице од редот на избирачите. Лицето кое ќе му помага на друго лице при гласањето не смее да биде од редот на членовите на ИО, претставниците на овластениот предлагач или набљудувачите. Едно исто лице може да помогне при гласањето најмногу на двајца гласачи. ИО на лицето кое помага ќе му укаже дека со неговата помош не треба да влијае врз одлуката на гласачот. И ова гласањето ИО го внесува во записникот.

**ГЛАСАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**

На гласачот кој е лице со посебни потреби, а кое не може да влезе во гласачкото место и да гласа, ИО е должен на овие лица да им овозможи на соодветен начин да влезат односно пристапат во гласачкото место за да го остварат своето право на глас. Доколку овие лица со себе не довеле лице кое ќе му помогне при влезот односно пристапот во гласачкото место, во таков случај ИО е должен да определи лице од редот на избирачите кои во тој момент се затекнале во гласачкото место да му помогнат на граѓанинот да влезе односно пристапи во гласачкото место за да го оствари своето право на глас.

**ГЛАСАЊЕ НА СЛЕПИ ЛИЦА И ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД**

Кога гласачот кој е слеп или со оштетен вид, ќе пристапи на гласачкото место, ИО го информира дека постои можност да гласа со помош на шаблон со Браева азбука. Шаблонот е изработен така да на слепото односно на лицето со оштетен вид му помогне да гласа самостојно и тајно.

Откако ќе биде утврден идентитетот на слепото лице односно лицето со оштетен вид, ИО го става гласачкото ливче во шаблонот со Браева азбука и истото му го дава гласачот кој е слеп односно со оштетен вид и му објаснува како може да го оствари своето право на глас. Потоа го упатува зад гласачкиот параван. ИО му објаснува на овој гласач дека по извршеното гласање треба да го извади гласачкото ливче од шаблонот, да го преклопи гласачкото ливче и така преклопено да го стави во гласачката кутија а шаблонот да го врати на ИО. Истиот шаблон ќе се искористи и при гласањето на следниот гласач кој е слеп или со оштетен вид.

Гласачот кој е слеп односно лице со оштетен вид, и поради тоа не може да гласа на начин утврден со Изборниот законик, има право со себе да доведе лице кое ќе му помогне при гласањето.

Во тој случај кога овој гласач неприфати да гласа со шаблон, ИО постапува на ист начин како и со гласач кој има физички недостаток.

**ГЛАСАЊЕ НА ЛИЦА КОИ СЕ ВО ЗАТВОР ИЛИ НА ИЗДРЖУВАЊЕ МЕРКА ПРИТВОР**

Граѓаните кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, гласаат во казнено - поправните домови. ОИК е должна по добивање на списоците за граѓаните кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, веднаш да ги достави до казнено - поправните домови каде што граѓаните се на издржување казна затвор или се во притвор. Гласањето за граѓаните кои се на издржување казна затвор или се во притвор, го спроведува ИО од најблиското избирачко место или посебен ИО, еден ден пред денот определен за гласање. За гласањето се известуваат претставниците на предлагачот заради нивно присуство на гласањето.

За ова гласање се води посебен записник. Записниците и изборниот материјал по завршувањето на гласањето се доставуваат до ОИК.

**ГЛАСАЊЕ НА ЛИЦА КОИ СЕ ВО КУЌЕН ПРИТВОР**

Граѓанинот, кој на денот на гласањето се наоѓа на издржување на мерка куќен притвор, доколку сака да го оствари своето право на глас, преку овластен полномошник ќе ја извести ОИК, најдоцна три дена пред денот определен за гласање. ОИК, врз основа на претходно добиен список од страна на ДИК за лицата кои се наоѓаат на издржување на мерка куќен притвор ќе состави список на сите уредно пријавени лица кои се на издржување на мерката куќен притвор.

Гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор го спроведува ИО од соодветното избирачко место каде избирачот е запишан. ИО, гласањето на лицето на кое му е изречена мерка куќен притвор, го спроведува со посебна кутија за гласање која е запечатена и која одборот ја носи во домот каде што се наоѓа граѓанинот, еден ден пред денот определен за гласање.

За денот и часот на гласањето на лицето на кое му е изречена мерката куќен притвор, претседателот на ОИК ги известува претставниците на предлагачот.

Лицето кое е на издржување на мерка куќен притвор ќе гласа на начин што ОИК ќе подготви изборен материјал и навреме ќе го достави до надлежниот ИО (плик адресиран на име на лицето на кое му е изречена мерката куќен притвор и празна гласачка кутија). Пред започнување на гласањето на лицето на кое му е изречена мерка куќен притвор, ИО од кочанот откинува онолку гласачки ливчиња колку што има евидентирани лица на кои име е изречена мерката куќен притвор а кои се пријавиле да гласаат од соодветното избирачко место. При спроведување на гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор, ИО ја користи гласачката кутија која му е предадена од страна на ОИК и истата ја користи и на денот на гласањето. ИО со себе го носи и изводот од Избирачкиот список на кој лицето кое е на издржување на мерката куќен притвор се потпишува.

Капакот на гласачката кутија за гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор, мора да биде запечатен со нумерирани сигурносни пластични ленти, пред да започне гласањето.

Овие лица гласаат на начин што на истите им се овозможува тајноста на гласањето. Гласачкото ливче, лицето на кое му е изречена мерката куќен притвор, по завршување на гласањето го превиткува, го става во посебен плик, го залепува пликот и така залепен, пликот го пушта во гласачката кутија. По завршеното гласање, пликовите со гласачките ливчиња остануваат во гласачката кутија а отворот на гласачката кутија се запечатува со нумерирана односно сигурносна лента. Изводот од избирачкиот список се става во проѕирна пластична кеса заедно со кочанот од гласачките ливчиња, кесата се запечатува со нумерирана сигурносна лента.

Доколку лицето на кое му е изречено мерката куќен притвор, иако пријавен дека сака да гласа, одбие да гласа, неупотребеното гласачко ливче не смее да се користи на денот на гласањето. На нив им се откинува десниот долен агол, и се чуваат во посебен плик. При сумирањето на резултатите неупотребените ливчиња се евидентираат заедно со останатите неупотребени ливчиња од гласањето на денот на гласањето.

На денот на гласањето, пред почетокот на гласањето, од гласачката кутија од гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор, се вадат пликовите и поединечно се отвораат, гласачките ливчиња се ставаат во испразнетата гласачка кутија без да се види за кого е гласано. На крајот, гласачката кутија се запечатува со нумерички сигурносни ленти.

**ГЛАСАЊЕ ВО ДКП**

Гласачите кои на денот на гласањето се на привремена работа или престој во странство гласаат во ДКП односно конзуларните канцеларии еден ден пред денот на одржувањето на изборите во Република Македонија.

ДИК определува во кои ДКП ќе се спроведе гласање, по правосилноста на решенијата по поднесените пријави за гласање.

Гласање се организира во соодветно ДКП ако има потврдено повеќе од 10 гласачи.

Записниците, запечатените коверти и другиот изборен материјал по завршувањето на гласањето ИО во ДКП преку МНР ги доставуваат до ДИК.

ДИК врши сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во странство.

**ГЛАСАЊЕ ВО ДИК**

Членовите на ИО во ДКП, гласаат во ДИК, три дена пред денот на одржување на референдумот во Република Македонија.

Гласањето за членовите на ИО во ДКП го спроведува ИО во ДИК.

За ова гласање се обезбедува посебна кутија за гласање која по завршувањето на гласањето се чува запечатена во просториите на ДИК и се отвара по завршување на гласањето во Република Македонија.

За гласањето на овие гласачи, ИО во ДИК составува посебен записник.

Записникот и изборниот материјал по завршувањето на гласањето во Република Македонија се доставуваат до соодветните ОИК.

**ВАЖЕЧКО ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ**

Гласачкото ливче е важечко ако истото е во согласност со членот 18 од Законот за референдум.

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО**

Полицијата го обезбедува гласачкото место.

По затворањето на гласачкото место, за време на сумирањето на резултатите, полицијата го обезбедува објектот и просторијата во која е сместено гласачкото место и ИО и ги отстранува сите неовластени лица од објектот.

Полицијата го обезбедува ИО до предавање на записникот и изборниот материјал на ОИК, ако е тоа побарано од страна на ИО.

**УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РЕФЕРЕНДУМОТ**

ИО по завршувањето на гласањето веднаш пристапува кон утврдување и сумирање на резултатите од гласањето на гласачкото место.

ИО за гласањето на референдумот составува записник.

Во записникот за гласањето на референдумот се внесуваат податоци за:

- бројот на гласачкото место;
- составот на избирачкиот одбор;
- вкупниот број на граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список;
- вкупниот број на граѓани кои гласале;
- вкупниот број на неупотребени гласачки ливчиња;
- вкупниот број на важечки гласачки ливчиња;
- вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња;
- вкупниот број на гласови „ЗА";
- вкупниот број на гласови „ПРОТИВ" и
- вкупниот број на гласови за секој предлог кога се гласа за повеќе предлози.

Во записникот се внесуваат и забелешките дадени од членовите на ИО.

Записникот за гласањето го потпишуваат претседателот и членовите на ИО. Записникот за гласањето е важечки ако е потпишан од мнозинството членови на ИО. Претседателот на ИО треба да ги наведе причините за непотпишување на записникот од член на ИО. Ако записникот не е потпишан од мнозинството членови на ИО, записникот го составува и потпишува ОИК врз основа на целокупниот гласачки материјал.

Записникот и целокупниот гласачки материјал, ИО во рок од 3 часа по завршувањето на гласањето го доставува до ОИК.

ОИК, по приемот на записниците и целокупниот гласачки материјал од ИО, го сумира резултатот од гласањето на избирачките места од своето подрачје.

ОИК, за спроведување на референдумот составуваат записник.

Во записникот за спроведување на референдум се внесуваат податоци за:

- броевите на избирачките места од своето подрачје;
- составот на ОИК;
- вкупниот број на граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список за избирачките места;
- вкупниот број на граѓани кои гласале;
- вкупниот број на неупотребени гласачки ливчиња;
- вкупниот број на важечки гласачки ливчиња;
- вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња;
- вкупниот број на гласови „ЗА";
- вкупниот број на гласови „ПРОТИВ" и
- вкупниот број на гласови за секој предлог кога се гласа за повеќе предлози.

Во записникот се внесуваат и забелешките дадени од членовите на ОИК.

Записникот за спроведување на референдум го потпишуваат претседателот и членовите на ОИК. Записникот е важечки ако е потпишан од мнозинството членови од ОИК. Претседателот на ОИК треба да ги наведе причините за непотпишување на записникот од член на комисијата. Ако записникот не е потпишан од мнозинството членови на ОИК, записникот го составува и потпишува ДИК врз основа на целокупниот гласачки материјал.

Записникот и целокупниот гласачки материјал, ОИК, во рок од 12 часа од приемот од ИО го доставува до ДИК.

ДИК по приемот на записниците и целокупниот гласачки материјал од ОИК во рок од 24 часа го утврдува и го објавува резултатот од гласањето на референдумот на државно ниво.

ДИК за резултатите од гласањето на референдумот на државно ниво изготвува извештај.

Извештајот за резултатите од гласањето на референдумот содржи податоци за:

- вкупниот број на граѓани запишани во Избирачкиот список;
- вкупниот број на граѓани кои гласале;
- вкупниот број на неупотребени гласачки ливчиња;
- вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња;
- вкупниот број на важечки гласачки ливчиња;
- вкупниот број на гласови "ЗА";
- вкупниот број на гласови "ПРОТИВ" и
- резултатот од референдумот.

ДИК резултатот од гласањето на референдумот на државно ниво го објавува во "Службен весник на Република Македонија" во рок од 15 дена од денот на одржувањето на референдумот.

Извештајот за резултатот од гласањето на референдумот на државно ниво, ДИК го доставува до Собранието на Република Македонија.

**РЕЗУЛТАТ ОД ГЛАСАЊЕТО**

Одлуката на референдумот на државно ниво се смета за усвоена ако за неа гласале мнозинството од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список

**ЗАШТИТА НА ГЛАСАЧКОТО ПРАВО ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ НА ДРЖАВНО НИВО**

Секој граѓанин има право да поднесе приговор поради неправилности во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во рок од 24 часа од денот на одржувањето на референдумот на државно ниво до ДИК.

ДИК е должна во рок од 24 часа од приемот на приговорот да донесе решение.

Против решението на ДИК може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 48 часа од денот на приемот на решението.

Врховниот суд на Република Македонија е должен да постапи по жалбата во рок од 48 часа.

Доставување на приговор и тужба по пошта не е дозволено.

## ЕВЕНТУАЛНО ПОВТОРУВАЊЕ НА ГЛАСАЊЕТО

ДИК по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во случаите од член 151 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Изборниот законик.

ДИК со решение ќе го повтори гласањето на гласачките места каде што гласањето е поништено, само ако вкупниот број на запишани избирачи на тие избирачки места влијае врз вкупните резултати од референдумот.

Гласањето на гласачкото место кое е поништено, ќе се повтори по 14 дена од денот на гласањето.

**Број 02-1401/11**
**01.08. 2018 година**
**СКОПЈЕ**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**